**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Николче Диневски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен суд**
**Битола и Ресен**
**ул. Д.Т.Ц. Шехерезада мезанин лок**. 7
**тел. 047 230-040**

**Образец бр.66**

**И.бр.799/2021**

Извршителот **Николче Диневски** од **Битола** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ** од Скопје со ЕМБС/ ЕДБ 4646088/ 4030993252736 и седиште на ул.Максим Горки бр.6, Скопје-Центар, засновано на извршните исправи ОДУ бр.708/19 и ОДУ бр.709/19 од 09.10.2019 на Нотар Николче Павловски од Ресен, против солидарните должници Друштво за производство, трговија и услуги СУНА СТАР ДООЕЛ увоз-извоз Ресен од Ресен со ЕМБС/ ЕДБ 7075677/ 4024015505134 и седиште на ул.Јосиф Јосифовски бр.158, **Муџаил Шериф** од Ресен со живеалиште на ул.Јосиф Јосифовски бр.158, **Бенѓул Шериф** од Ресен со живеалиште на ул.Јосиф Јосифовски бр.158 во својство на солидарен должник и наследник на покојниот должник Енис Шериф од Ресен со живеалиште на ул.Јосиф Јосифовски бр.158 согласно Решение О.бр.105/22; УДР бр.35/22 од 21.03.2023 на Нотар Богданка Бакаловска од Ресен и Мерзука Шериф од Ресен со живеалиште на ул.Јосиф Јосифовски бр.158 за спроведување на извршување во вредност 152.442,21 евра, на ден 27.05.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижностите на солидарниот должник **Муџаил Шериф** запишани во **Имотен лист бр.570 за КО Јанковец,** со дел на недвижност 1/1 и недвижностите на солидарниот должник **Бенѓул Шериф** запишани во **Имотен лист бр.1532 за КО Јанковец,** со дел на недвижност 1/1 и **Имотен лист бр.513 за КО Јанковец,** со дел на недвижност 1/2, при АКН на РСМ, Одделение за катастар на недвижности Ресен, со следните ознаки:

**Имотен лист бр.570 за КО Јанковец**
ЛИСТ А
Муџаил Шериф, Јосиф Јосифоски 158, Ресен, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ Б
КП 727, м.в.Браненица, култура Нива, класа 2, површина 3340 $м^2$, право на сопственост
КП 827/7, м.в.Леско дол, култура Шума, класа 1, површина 327 $м^2$, право на сопственост

**Имотен лист бр.1532 за КО Јанковец**
ЛИСТ А
Бенѓуљ Шериф, Јосиф Јосифоски 58, Ресен, дел на недвижност 1/1
ЛИСТ Б
КП 725, м.в.Браненица, култура ЗЗ / ОВ, класа 1, површина 2687 $м^2$, право на сопственост

**Имотен лист бр.513 за КО Јанковец**
ЛИСТ А
**Бенѓул Шериф, Јосиф Јосифоски 58, Ресен, дел на недвижност 1/2**
Гоце Димшоски, с.Јанковец, Ресен, дел на недвижност 1/2
ЛИСТ Б

КП 1644, м.в.Под светата населба, култура 33 / ОВ, класа 2, површина 6885 $м^2$, право на сосопственост

Продажбата ќе се одржи **на ден 12.06.2026 година во 11:00 часот** во просториите на извршител Николче Диневски – ДТЦ Шехерезада мезанин локал 7 во Битола.

**Вкупната вредност** на недвижностите кои се предмет на продажба, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.799/2021 од 18.02.2022 година, **износува 1.928.840,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање, од која:

1. Вкупната вредноста на недвижностите запишани во *ИЛ.бр.570 за КО Јанковец* **СЕ УТВРДУВА** на вкупен износ од 687.830,00 денари, од кој:
   - Недвижноста застроена на КП 727, м.в.Браненица, култура Нива, класа 2, површина 3340 $м^2$ **СЕ УТВРДУВА** на износ од 678.020,00 денари ;
   - Недвижноста застроена на КП 827/7, м.в.Леско дол, култура Шума, класа 1, површина 327 $м^2$ **СЕ УТВРДУВА** на износ од 9.810,00 денари ;
2. Вредноста на недвижноста запишана во *ИЛ.бр.1532 за КО Јанковец* **СЕ УТВРДУВА** на износ од 483.660,00 денари ;
3. Вредноста на идеалниот дел од недвижноста во сопственост на должникот Бенѓул Шериф запишана во *ИЛ.бр.513 за КО Јанковец* **СЕ УТВРДУВА** на износ од 757.350,00 денари

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налог за извршување И.бр.799/2021 од 22.09.2021 година на извршител Николче Диневски. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 500000001024444 која се води кај АЛТА Банка АД Битола и даночен број МК5002007113600, најдоцна до 11.06.2026 година.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Николче Диневски

Д.-на: Должници Муџаил Шериф, Бенѓул Шериф, Мерзука Шериф, стечаен управник Божиновска Ели од Битола на должникот СУНА СТАР ДООЕЛ увоз-извоз Ресен, доверител, Општина Ресен

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето, или дел од него, се спроведува согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.